СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември.1996 година

Скопје, септември1996 година

**ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 51-ТА СЕДНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.09.1996година**


1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД -10
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 35
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО -61
4. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 19, 26, 28, 32
5. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 45
6. КАРОВ ЉУПЧО - 69
7. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 27, 40, 42
8. НИКОЛОВ ЈОВАН - 18
9. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 67
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1
11. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 47, 57
12. ПЕЦОВ МИРКО - 52, 58, 62, 66
13. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 55, 63
14. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 6, 8
15. СТОЈАНОВСНА СЛАВЈАНКА - 16, 30, 34, 50
16. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 20
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 39
18. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 22
19. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 38
20. УНКОВСКИ СЛОБОДАН - 2
21. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 11, 21
22. ФРЧКОВСКИ ЛУБОМИР - 25
23. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ – 48

т.1-Пред.на закон за авторско право и сродни права - стр.1

т. 2-Ратиф.за слободна трговија со Словенија - стр.10 и 25

т. 3-Трансформација на здравствен сектор -стр.11

т.4-Задолжув.на РМ кај меѓунар. банка кај приватниот сектор – стр.30

т.5-Закон за јавно обвинителство -стр.51

т.6-Закон за државна ревизија - стр.67

т.7-Предлог на закон за ревизија - стр.72

т. 8-Закон за извршување на санкции - стр.73

т.9-Закон за Град Скопје - стр.74 (Одлож. точка за наредна седница)


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември 1996 год.

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа со Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рисот Трајков, Илинка Митрева, Никола Г. Поповски, Стојче Ковачевски, Иван Бојков, Зоран Шапуриќ и Владимир Соколовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа, ве поканувам со едноминутно молчење да им одадеме почит на загинатите во трагичниот настан што се случи на 29 август 1996 година во Манастирот "Света Богородица" во близината на Берово.

(Пратениците со едноминутно молчење оддаваат почит)

Слава им.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за авторското право и сродните права.

Пратеникот Благоја Стефановски поднесе амандман на член 16 за менување на алинеја 5 и за бришење на алинеја 6, член 67 став 2 алинеја 1, член 111 став 1 за бришење на алинеја 4,

член 129 алинеја 1 и за додавање нова алинеја 4 и на член 52 став 2 и член 168 став 1 алинеја 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа поднесениот амандман на г-динот Шапуриќ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на алинеја 5 и за бришење на алинеја 6 поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 6 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (ниту еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 став 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 2, алинеја 1, поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура. >

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, за бришење на алинеја 4, поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 129 алинеја 1 и за додавање нова алинеја 4, поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Го молам претставн11кот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на членовите 143, 144, 145, 146, 147, 155 и 180, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски. 1

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не ги прифаќа предложените амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Амандманите што се дадени во расправата по текстот на законот за авторски права и сродните права, практично значат и дел од

дискусијата што ја имав во однос на овој закон претходно. Суштината е во тоа што предлогот беше да се формира еден завод за заштита на интелектуалната сопственост во кој би се инкорпорирале правата на авторското право и сродните права односно правото на заштита на индустриската сопственост.

Ваквиот завод, како што реков во моето претходно излагање, практично е решение што постои во повеќе земји кое има повеќе искуство од оваа област и сметам дек сегашниов завод за заштита на индустриската сопственост со примање на 2-3 нови вработени, практично го решава и овој проблем. Сметам дека со еден ваков мал зафат можеше многу брзо да се вклопиме во постојните решенија во Европа, а што се како препорака на Агенцијата, која работи во состав на ОООН, а ги решава токму овие проблеми на авторските права и сродните права.

Затоа ве молам, со гласање да гласаме за еден ваков предлог за да може што побрзо да се вклопиме во сите европски, па и светски движења од оваа област.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 143, 144,145,146,147, 155 и 180, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 2, и на член 168 став 1, алинеја 3, поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 170, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

И овој амандман се однесуваше на правниот надзор што треба и кој служби треба да го обавуваат и да го имаат во рамките на авторските и сродните права и предлогот беше ваквиот управен надзор кој го има Владата, да го има во една мешовита формирана комисија која би се состоела од претставници на повеќе министерства.

Со оглед на фактот дека авторските права и сродните права па и индустриските права се комплементарни и практично ги тангираат повеќе министерства од Владата, не само Министерството аз култура, туку Министерството за стопанство, Министерството за развој, за урбанизам и тн., најцелисходно беше една таква комисија со повеќе членови од повеќе министерства да врши управен надзор над една ваква институција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 170, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (77 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за авторски права и сродните права.

Минуваме на **<u>точката 2</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Република Словенија, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Веднаш да кажам дека го поддржувам Договорот и ќе гласам за него. Меѓутоа/ кога сме тука, да поставам само едно прашање, доколку може нкој од Владата да одговори.

Договорот регулира некои односи за кои, реков дека ќе гласам "за", денеска имам сознание дека во Словенија е донесен пропис со кој што за зеленчукот, односно градинарските производи од денес се бара контингент.

Молам, до колку е тоа во ред и спротивно на договорот, да се даде објаснување.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали има претставник на Владата кој ќе одговори на ова прашање.

Очигледно не е тука г-динот Бекир Жута, ниту г-динот Фрчковски.

Оваа точка ќе се помести понатаму, но во меѓувреме молам ресорниот министер да дојде за да ја претставува Владата.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон аз задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за транзиција на здравствениот сектор, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Филипче, министер за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Реализација на проектот за транзиција на здравствениот сектор претставува приоритетна активност во Министерството за здравство и има за цел да го артикулира и забрза реализирањето на првата фаза во реформите во здравствениот сектор.

Кој се целите на овој Проект:

1. Да го зајакне здравјето на населението, со зајакнување на квалитетот на примарните и превентивните здравствени услови;

2. Да ја поддржи почетната фаза од реформите во здравствениот сектор преку зголемување на ефикасноста на трошоците и фискалната стабилност;

3. Да овозможи слобода и право на избор на пациентот на користење на здравствените услуги.

За успешно реализирање на овие цели дефиниравме 3 проектни компоненти, сите тесно поврзани меѓу себе а тоа се:

1. Здравствено финансирање и менаџмент;

2. Основни здравствени услуги и

3. Фармацевтска политика и снабдување.

Целта на реформата во областа на здравственото финансирање, менаџментот е да изврши реформа во политиката на прибирање и трошење на средствата во фондот за здравствено осигурување. Тоа подразбира реалокација на финансиските средства кон поекономична здравствена заштита односно давање приоритет на услугите од примарното ниво, ограничување на одредени надоместоци во јавниот сектор и воведување финансиски стулации за рационална и ефикасна здравствена заштита во јавниот и приватниот сектор.

Овие цели ќе бидат реализирани со неколку подпроекти

1. Дефинирање на основен пакет на здравствени услуги што ќе биде опфатен со задолжително здравствено осигурување, како и дефинирање на дополнителни пакети на здравствени услуги и соодветни премии за осигурување, што ќе обезбедат финансиска стабилност на системот на здравственото осигурување.

2. Ревизија на системот на партиципација, директно надоместоци и казни за не плаќање придонеси за здравствено осигурување.

3. Усвојување механизам по глава на жител и плаќање на јавниот и приватниот сектор на ниво на примарната здравствена заштита.

4. Воведување интегриран медицински информативен систем во јавните здравствени организации како предуслов за дефинирање на нов механизам за плаќање во болничката заштита.

Во функција на остварување на горенаведените цеди проектот, покрај другото ќе поддржи и развој постојан систем на едукација на менаџери, директори и лекари за управување со здравствените организации, за вработените во Фондот за здравствено осигурување, за едукација во областа на здравствената економика, здравственото осигурување и планирање на здравствен систем, кадри, толку потребни во идниот период.

Медицинскиот и финансиско информативен систем ќе биде тестиран во 2 општини, општините Прилеп и Охрид, општини кои што како центри со својата голена, со својата старосна структура, со појава на болести, со компјутеризираната опременост, со солидниот стручен кадар со познавање на јазици на лекарите, ќе овозможи тестирање во тие 2 општини.

Целта на реформите во 2 област е да ја реафирмира и зајакне улогата на примарната здравствена заштита, како фундаментална компонента од севкупната мрежа на здравствени услуги и да ги поддржи превентивните програми:

1. Воведување на систем за упатување на специјалистички преглед преку механизам за задолжително упатување на лекар од примарната здравствена заштита и задолжителна избор на личен лекар за период од 1 година, систем кој веќе е воведен со последните измени во законот за здравствена заштита.

2. Вработување на лекари со полно работно време во одредени селски здравствени станици и доопременување со медицинска опрема на 250 селски здравствени станици.

3. Усвојување на симплифицирана структура на тимовите во примарната здравствена заштита во здравствените организации на урбаните средини.

4. Редукција на најмалку 200 лекари во јавниот сектор преку пензионирање или доброволно преоѓање во приватниот сектор, во текот на трите години во траењето на проектот.

5. Ограничување на уписот на нови студенти на факултетите за медицина, стоматологија и фармација.

6. Обезбедување соодветно буџетско финансирање на активностите сврзани со селектираните приоритетни програми.

Со проектот, исто така, се обезбедува материјална поддршка на 5-те приоритетни превентивни програми и на програмите за промоција на здравјето. Ќе се обезбеди снабдување на неопходната хепатитис Б-вакцина, материјална поддршка за репродуктивните здравствени услуги, лекови и вакцина, опрема за превенција и медицински третман на болести кај доенчињата и децата, реструктуирање и проширување на постојната Скрининг - програма за рак на матката кај жената.

Во областа на превентивата од туберкулозата проектот ќе поддржи проширување на капацитетите за снимање, набавка на подвижни рендген апарати т.е. подвижни возила за снимање, резервни делови за рендген апаратите и тн.

За програмата за СИДА, е предвидена набавка на СИДА - тестот.

Што се однесува до целта на реформите во фармацевтската политика, таа е во рамките на финансиските ограничувања.

Владата на РМ да се фокусира кон поефикасни континуирани набавки, соодветна политика на цени и надоместоци со цел да се обезбеди широка достапност на есенцијалните и потребни лекови.

II/1.- JJ/OM

**ИЈ1ИЈА ФИЛИПЧЕ :** (Продолжение)

Прво, овозможување и скратена постапка при регистрација на генерички еквилантни лекови., што ќе овозможи полесно навлегување на пазарот за поевтините генеречки еквиваленти.

Второ, дозвола овластените фармацеути да вршат супституција на препишаните со поевтини генеринки еквиваленти.

Трето, усвојување на листа на ексекцијални лекови за примарната и секундарната здравствена заштита.

Воведување на компетативни постапки за издавање односно за лицитација и набавка на лекови во јавниот сектор.

Воспоставување на референтен центар за надомест на цената на препишан лек, за ексенцијалните лекови и промоција на рационалната пракса на препишување на лекови.

Со реформата во областа на фармацијата е предвидено доопремување на националната лабораторија за контрола на квалитетот на лекови и основање на национален информативен центар за лекови.

Вредноста на проектот е дадена во Предлогот на законот и јас сега не би сакал да ја цитирам и би Ве замолил почитувани пратеници доколку сите ние успешно ги реализираме овие проекти и доколку тврдиме дека сето тоа е правиот пат за реформа, ќе започнеме со измени со законот за здравствена заштита, измени кои што ние толку долго ги очекуваме.

Меѓутоа без да ги најдеме правите решенија , измени сега извршени, а без да знаеме каде тие не водат, според мое мислење ќе значат водење кон слепо лозје.

Затоа, почитувани пратеници , ве молам да гласате за донесување на овој закон. Бевте секогаш со мене, во сите мои активности, имавте доверие во мене и во моите соработници и сто ова што сега сакаме да го направиме е мој и Ваш придонес и успех за слоганот од Светската здравствена организација - здравје за сите во 2000 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор заменикот министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, кредитната линија за транзиција на здравствениот сектор е во вкупен износ од 16,9 милиони долари. Ефектуирањето на кредитот е со предвиден термин од 30.о9.1996 година. Рокот на отплата на овој кредит е 35 години, вклучувајќи го и грејс периодот од 10 години. Кредитот ќе се отплаќа 2 пати во текот на годината и тоа на 15 јуни и на 15 декември секоја година.

На повлечениот износ од главницата на кредитот се плаќа провизија од 0,75%. Тоа е единствениот трошок што ќе биде платен за овој кредит.

Структурата за кредитот по проектни компоненти е распоредена на следниов начин:

- за реформите во системот на здравственото финансирање и управување и изградба на интегралниот финансиско - сметководствен и медицински информативен систем, 4 милиони САД долари.

- за поддршка на превентивните програми и примарните здравствени услуги 6,6 милиони САД долари.

- за фармацевтската политика и набавката на лекови, потрошен материјал 5,4 милиони САД долари.

- и 0,9 милиони САД долари за меѓународната проектна единица што ќе биде одговорна да го организира, да го следи и да го реализира проектот.

По намени средствата на кредитот ја имаат следната структура:

- за медицинска опрема, за лекови, за медицински материја конкретно за руралните здравствени центри 11,7 милиони САД долари;

- за градежни објекти во овие рурални центри 0,8 милиони САД долари;

- за техничка помош 2,9 милиони САД долари;

- и за обука и усовршување на стручниот кадар во земјата и во странство 1,5 милиони САД долари.

Со овој Предлог на закон Република Македонија презема обврска за намирување на обврските по договорот за кредитот кој што ќе се склучи меѓу Меѓународното здружение за развој и Република Македонија.

Во предлогот се предвидува решение, според кое Владата на РМ ќе склучи договор со Републичкиот фонд за здравствено осигурување за обезбедување на плаќањето на кредитот за кој што гарантира Републиката.

И само на крај да кажам дека навистина овој кредит кој што треба стриктно да се употреби во здравствениот сектор е поволен и дека навистина здравството ќе знае правилно да го употреби.

**ТИТО ПЕТКОВСЌИ:**

Има збор г-дин Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Предлогот на законот за транзиција во здравството, го имате добиено и мислам треба да се поддржи заради причините што ги изнесе министерот пред Собранието, а исто така и анализата за трошковниот дел што го поднесе заменикот министер за финансии. Еве зошто да се поддржи. Да се поддржи заради тоа што овие средства што се добиваат не ги враќа Републиката, туку ќе ги врати Фондот за здравствено осигурување, од една страна, а ако не го прифатиме овој закон за задолжување не ќе можеме да оствариме еден друг закон кој што на наредната седница треба да го усвоиме, законот за трансформација во аптекарската дејност односно законот за производство и промет на лекови.

Така да задолжувањето и законот за производство и промет со лекови се поврзани и не смее да се издвојуваат еден од друг.

Елаборацијата на министерот беше толку долга што мислам дека на сите ни беше јасно што е намената на средствата што треба да ги земеме во делот за транзицијата на здравството.

Денеска само треба да кажам, ако останеме само на ова нив здравствена заштита односно на ова ниво на опрема, токму во делот на превентивната и примарната здравствена заштита, не гарантираме соодветно лекување на болните. Ова треба да биде поддршка во тој дел затоа што посебно руралните амбуланти во овој момент не ни се опреме ни и не може да одговорат на потребите на населението. А бараме, тоа треба да биде должност на сите нас, што поблиску да дојдеме до човекот

на кому му е потребна здравствена заштита, непосредно таа да му се укажува што поблиску во местото на живееше. Од друга страна, со самата транзиција во здравството и со воведувањето на корпата на услуги, плаќање на корпа на услуги за одделни болести во превентивната и во примарната заштита, се очекува и еден дел на заштеда на оној денар што се собира во фондот за здравствена заштита.

Според тоа , јас го поддржувам законот и апелирам пратениците да го поддржат истиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас често пати сум против задолжувањето на државата зашто тоа задолжување оптоварување на Буџетот и го зголемува долгот на државата спрема странство, а не се обезбедуваат извори за сериозно враќање на тие извори.

Но овој пат, практично не се работи за кредит, туку се работи за хуманитарна помош. Еден кредит да се даде на 35 години со 10 години грејс период, тоа практично е кредит за еден пола век.

Меѓутоа, би кажал сега при тоа да се води сметка кога и други кредитни линии се договараат во овој правец, структурата на потрошувачката на кредитот да биде ефикасна и ефектна. Тоа се однесува и на оние кредити што ќе се добијат по линија за развој на земјоделието. Што тоа значи практично. Тоа значи тие пари да се потрошат правилно, правилно да се искористат. Убаво е тоа, значи да се предвиди модерна и квалитетна опрема, опрема што ќе биде во функција на граѓаните на оваа држава. Добро е да се вложат средства и во

градежни објекти, да имаме пристојни и добри здравствени домови и здравствени објекти, ама да се избегнува парите да не се трошат на патувања, на хартија и на работи што не даваат ефекти. Јас мислам дека министерот ќе води сметка за тоа. Ама исто така, и ако може таа структура и пред потпишувањето на овој договор, да се измени во корист на опрема, на објекти, а што помалку на други работи што не се ефикасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

јас ќе се задржам на оној дел што зафаќа дел од информатиката. Следејќи ги бројките, се издвојува еден голем дел што ќе служи за опремуваше, претпоставувам со опрема, и кој би требало да придонесе за развој на информатиката во здравството да биде на европско ниво.

Мислам дека опремата и информатиката во секоја држава и во секој ресор треба да е една од првите компоненти што треба да пред-њачат во се друго.

Меѓутоа, јас би сакал да го запрашам г-динот министер, бидејќи се работи за една огромна сума и беше издвоен делот за информатика и делот за едукација, претпоставувам и за школување на кадри кои ќе ја користат таа опрема. Би сакал да го прашам министерот, да може да издвои кој е делот на средства за опрема,значи на хардвер, на машините, а кој е дел на програмите кои што се даваат или ќе се купуваат и кој е делот на средствата што треба да се издвои за едукација

на кадрите. Мислам дека овој износ што се издвојува е толку голем, што би требало да го реши комплетно информативниот систем на ниво на државата од аспект на здравството. И мислам дека тие пари треба да придонесат здравството комплементарно да биде поврзано со сите информативни центри и пот системи кои што се во државата. И мислам дека тука е и можноста да се заштеди, бидејќи ние веќе во сите делови на државната управа немаме системи. И мислам дека треба да се води голема грижа за тоа, која опрема, каква опрема, каков соцсфер и на крај на краиштата колку средства треба да се потрошат за таа намена. Молам, ако може министерот да одговори на овие прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСИ:**

Има збор министерот за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Средствата што се наменети за набавка на оваа опрема и за компјутери изнесува околу 1 милион долари, а средствата за обука за менаџмент на лекарите, на економистите, практично на оној кадар кој што ни недостасува изнесува 1,5 милиони долари.

Што сакаме да постигнеме? Мислам дека е крајно време директорите на здравствените организации да не ни бидат>лекари, туку да бидат менаџери - економисти , а лекарите да ни се занимаваат со она што значи здравство и наука.

Сигурно дека овие средства ќе бидат потрошени така што опремата што ќе се набавува ќе биде по пат на меѓународни тендери каде што ќе можат да се јават и учествуваат и домашни и странски производители. Ќе се води сметка за секој компјутер, за секој дел.

Целта ни е секој нов граѓанин,ако оди се како што треба на крајот наместо здравствена книшка, во својот џеб има здравствена картица. Со таа здравствена картица во било кој здравствен дом или амбуланта да оди, веднаш може да го бара своето конто во Фондот за здравствено осигурување каде стојат податоците за неговото раѓање, тежина возраст, кој болести ги прележал и кој лекови ги земал. Мислам дека на тој начин е многу полесно да се поврземе со другите здравствени центи во Европа каде што нашите пациенти се лекуваат, каде што ќе можеме многу побргу да добиваме информации за одредени болести. Сепак тоа е прашање на експерти. За таа работа веќе во нашата Република и во Министерството се наоѓа екипата РАН КОРПОРЕЈШЕН од Калифорнија, која што е една од водечките светски куќи за менаџмент и која многу ни помага токму во овој сегмент. Сигурно дека ќе се води сметка за секој денар, и она што може од домашното производство, ќе го добие, особено тоа се однесува за производителите на опрема, за руралните области и ќе се трудиме на секој начин тоа да го добијат домашните производители.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор збор г-динот Трајков.

**ЉУПЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо јас исто така сум од страната на дискутантите кои ќе го поддржам сесрдно донесувањето на овој закон, од едноставна причина што на здравството му требаат пари. Може да кажете дека сум и субјективен затоа што работам во здравството, меѓутоа, токму за тоа ја знам економската состојба во која се наоѓа фондот аз здравствено осигурува.   Мислам дека во последниот

период од година две веќе се забележуваат одредени промени во однесувањето на фондот и на Министерството, се со цел да се стави ред во економијата во здравството и да се обезбеди рационално користење на средствата што му припаѓаат на здравството.

Не би дискутирал аз проектот и за законот, туку би се задржал само на една реченица и тука можеби би барал едно мало појаснување од г-динот министер која е во образложението каде што зборува за воведување на финансиски симулации за рационална и ефикасна здравствена заштита во јавниот и приватниот сектор. Дали тоа значи дека во наредниот период може да се очекува прво дека во јавниот здравствен сектор ќе постојат одредени симулации во смисла на финансиски асимилации односно протежирање на оние лекари кои што работат добро да се стимулираат, во смисла да не постои како она досега најдобриот лека и лошиот лекар, условно земено земаат иста плата и оној што ќе прегледа 50 пациенти и оној што прегледал само 5 пациенти. Ако се мисли на тоа, тогаш мислам дека е тоа голем напредок во однос на тоа што досега владееше.

Јас се надевам дека ова поврзување на јавниот и на приватниот сектор значи дека Министерството во идниот период со подеднакви очи ќе гледа на приватниот и на јавниот сектор и дека и двата сектор ќе имаат ист третман, се со цел на создаваше на една конкуренција меѓу секторите, со единствена цел да се пружи што поквалитетна здравствена заштита на осигурениците, на они на кои всушност ги даваат парите за таа здравствена заштита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

II/10.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за транзиција на здравствениот^ сектор.

Кој е за, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува^ од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и текстот на предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да с< претресе и Предлогот на закон.

III/1.- РД/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам општ претрес по Предлог на Законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (79 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

<u>Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за транзиција на здравствениот сектор.</u>

Ве молам да се вратиме малку назад да ја завршиме втората точка имено за Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорат за стоковна трговија меѓу РМ и Република Словенија, со Предлог на закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Г-динот Ајдарага праша дали се точни информациите дека Словенија воведува контингенти за македонските земјоделски производи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Такви информации за контингенти немам и не мислам дека е тоа соодветно на вистината, меѓутоа, може да настанат проблеми околу влезот при границите и тоа не се врзани за контингентите, туку тоа е често врзано за адкок решенија на владите кои се поврзани со дозволи

кои стоките треба да ги имаат од соодветните органи и тела од Републиката. Тоа значи прецизна информација за тоа дали имало ^ некакви проблеми во оваа смисла и ограничувања, можете да добиете писмено многу брзо. Но, суштината на спогодбата не е воведување на овој вид на заштита, туку како и сите спогодби за овој вид слободна трговија, тоа се два режима практично од кој едниот, глобалните овозможување на интензитет на таа соработка. Спуштајќи ги царинските стапки на минимум на договореното ниво, а од друга страна листа на производи кои двете страни мислат соодветно да ги заштитат и тоа е она што во Спогодбата стои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас еднаш веќе се изјаснив околу ваквите спогодби. Јас мислам дека Владата мора да води сметка, кога ги прави ваквите спогодби со кои држави тоа го прави и на која техничко - технолошко ниво се наоѓаат тие земји, во кава ситуација би се нашла нашата индустрија и стопанство ако се укинат царините, кои производи треба да се заштитат во нашата земја. И мислам дека склучувањето на вакви спогодби со земји кои се и по десетина пати од нас поразвиени и кои имаат и десетина пати поголема продуктивност и економичност нарочито на земји кои што градат индустрија на база на туѓи производи и ги декларираат како своите ќе го доведат нашето стопанство во многу тешка состојба. Според тоа, треба да се настојува да се склучуваат вакви спогодби, меѓутоа, мора во тие спогодби да биде елементот на компензација присутен, а тоа значи дека по одредени мерки да се компензираат штетите кои ќе

настануваат во одредено стопанство. Треба по мое мислење многу претпазливо ова да се прави»- Јас и тогаш кажав дека земјите кои што имаат вакви спогодби ,а при сутни се многу компензации, многу дотации, преку многу решенија се заштитува или практично овозможува на стопанството да дојде за неколку години на ниво на земјата со која се прават такви спогодби. Овде не е присутно и мислам дека ваквиот закон не е добар за Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор?

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, не сум проти да се ратификува Спогодбата со Словенија, меѓутоа, навистина денеска моите сознанија се како и на колегата кој ги изнесе, а не можам да се согласам дека под слободна трговија не се подразбира воведуваше на контингенти, туку само смалуваше на царини итн., а која е таа слободна трговија ако другата држава воведе контингенти, а да кажеме другата држава тие контингенти не ги воведува. Според тоа кај нас информациите денеска се дека нашите возила не можат да се оцаринта во Словенија, тоа мора да го знаете и се бараат контингенти. Фирмите кои се увозници мора да извадат контингенти од денеска за да извршат царинење и нашите возила стојат во Словенија. Според тоа овој проблем ако не е доцна предлагам Парламентот оваа точка да ја одложи до утре да се провери оваа Информација и на утрешната седница да се стави оваа точка и оваа спогодба да се усвои. Инаку, Информацијата е точна дека се бараат контингент за македонската стока.

Инаку оваа стока која од ние сега во Словенија ја носиме и за неа се стави контингент, тогаш ние која стока ќе ја носиме и за која слободна трговија со Словенија ќе разговараме тоа што досега го ^ рече г-динот Љубисав Иванов. Машини сигурно не можеме ние да носиме во Словенија, ќе носиме зеленчук, тоа што го имаме. И тука се подразбира и во таа смисла влегува таа слободна трговија.

Предлагам ако Парламентот се согласи оваа точка да се одложи до утре, да се проверат информациите и министерот за надворешни работи е тука и министерот за стопанство. Инаку е точно дека нашите камиони стојат, тоа е проверена информација. Стојат и не можат да се царинат поради тоа што Словенците бараат контингент на нивните фирми кои увезуваат.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Претходниот дискутант ме потсети уште на една работа што нашата Влада не ја реши со Словенија, а тоа е побарувањата на стопанските организации во Словенија, кои што словенечктие судови не ги извршија уште во времето кога живеевме во една заедничка држава, а тоа значи пред неколку месеци пред распаѓањето на Југославија, кога престанаа да ги извршува судските решенија.

Втората работа, што мислам исто така е многу значајна и важна, што за време на блокадите и за време на санкциите према Југославија словенките царини одзедоа огромна роба од македонските организации, кои што ги декларираа дека се од Југославија, а всушност не беа и кои што не беа потекло од Македонија. Тоа се работеше експертно се одземаа веднаш на лицитација, се продаваа, а после тоа судовите кои некогаш донесуваа позитивни одлуки во корист на нашите организација

немаше од кого да наплатат. Мислам дека пред една ваква ратификација тие работи мора да се расчистат, а имајќи ги предвид и штетите што ќе ги имаме со овој договор и со оваа Ратификација, и јас поддржувам ова да се одложи на некој од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласаше? (13)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (15)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам по Текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман за менување на член 1 што е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон

Молам, кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам кој е за молам да крене рака? (63)

али има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (17)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за слободна трговија меѓу РМ и република Словенија.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на, закон за задолжување на РМ кај меѓународната банка за обнова и развој за реализација на проектот за развој на приватниот сектор со Предлог на закон. Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани г-да пратеници.

Меѓународната банка за обнова и развој го одобри Проектот за развој на приватниот сектор и овој кредит е во вкупен износ до 18 милион германски марки. Овој кредит е со ваква структура. 14 милиона германски марки е предвидено да бидат за приватниот сектор и 4

милиона германски марки е предвидено да бидат за развојот на земјоделието. Се предвидува со овие средства да се кредитира пред се, инвестициите во овие области и овие средства да бидат искористени за обртни средства во овие два сектори. Овој кредит е со следните услови: Рокот на отплата е 20 години со тоа што ќе има грејс период од 5 години. Овој кредит е првата транша која е во преговори, а инаку е заклучено9 вкупната кредитна линија на приватниот сектор да биде за извоз од 36 милиони. Ако проектот од своето спроведување е во согласност со сите одредби кои се со овој закон и со Договорот за заемот, банката ќе ја одобри и втората транша, која што исто така ќе изнесува 18 милиони германски марки без повторна проценка на проектот, откако првите 15 германски марки ќе бидат одобрени од оваа операција... Инаку овој кредит ќе биде во германски марки во таа валуга и ќе се пресметува на овој кредит каматна стапка заснована на либор за шесто - месечни депозити во германски марки и променлива камата ќе биде која што ќе се прилаговува секој 15 јануари и секој 15 јули во текот на годината. Ако во текот на спроведувањето на овој кредит има поголем интерес за кредитите за развојот на земјоделието, тогаш е дозволено да се изврши одредена преалокација на овој кредит од вкупниот износ во корист на земјоделието.

Минималната сума, односно минималниот износ кој што може да предизвика реалокација е 150 германски марки. Овој кредит ќе биде во максимални износи со еден кредит и тоа до 800 илјади германски марки на приватниот сектор и до 200 илјади германски марки во земјоделието. Инаку овој кредит ќе оди преку Народната банка со тоа што сервисирањето ќе се врши преку комерцијалните банки во Република Македонија. Ќе има целосна контрола во текот на одобрување на проектите, кои што заинтересираните ќе ги доставуваат до банките а

исто така ќе има целосна контрола и во насочувањето и во извршувањето на кредитот во текот на неговото користење. Еве вака, тоа се накратко основните услови кои што се предвидени во овој Закон. ^

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Па ете исто така едни поволни кредити какви што би требал Македонија да одобрува и во индустријата и во останатите дејности, меѓутоа тука заменик министер за финансии не образложи, структура на потрошувачката на овие средства. Рече дека најголемиот дел е за приватниот сектор, а еден дел е за развој на земјоделието и приватни сектор е развој на земјоделието, така да тој поем не е јасен ако сака да го објасни.

Втора работа се зборува дека голем дел од овие средства треба да биде на опремување на ветерианрните станици со опрема, јас мислам дека треба да отидеа во изградба на изградба на разни фарми во правец на производство, а ветеринарите да ги опремуваме многу подоцна кога ќе имаме што ветеринарите практично да работат ако имаме краварски фарми, ако имаме овчарски фарми, ако имаме кози, ако имаме развиено производство на кокошки итн. итн,. Значи тука даги усмериме правилно парите да не бегаме во вложување пари кај што нема ефекти, кај што нема производство.

Јас би бил благодарен на заменик министер кога подетално би ни кажал во кој правец се потрошиле овие средства исто така приближно денеска колку изнесува каматата и колку проценти би била изнад избор и дали банките ќе го опреретува тие банки што ќе го извршуваат овој кредит ќе го оптеретува со додатни трошкови и камати.

III/9.-

Затоа што тука настануваат игрите. Банките го смалуваат рокот на враќање, банките ќе стават свои високи камати, ризик итн. и ќе го направат неатрактивен.

IV/1/ДВ/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Славјанка Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мислам дека г-динот Иванов не беше на претходната седница кога Владата го повлече предлогот за донесување на законот за раз- вој на проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производи- тели. За ветеринарните станици и слично е во тој закон. Овој закон е само за развојот на приватниот сектор. Но, одредена сума од тие 18 милиони ДМ се определени конкретно за земјоделието, со можност тој из- нос да се зголеми. Тоа е едната работа.

Инаку, сега лигорот за марката е од 4,5 до 5%.0вие кредити ќе се одобруваат само по проекти, годишно, за инвестиции во приватниот сектор индустрија, градежништво и земјоделието, а исто така, овие кредити ќе бидат во функција на снабдување на овие претпријатија и со обртни средства. Значи и за инвестиции и за обртни средства ќе бидат.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа сметам дека овој проект треба да го поддржиме во целост. Меѓутоа, сакам да кажам некој збора бидејќи после шест години за прв пат се зборува и за прв пат се прави договор за финансирање, кредитирање на индивидуалното земјоделие односно на индивидуалните производители, приватното стопанство, што сепак оваа сума не е за потценување, прилично е висока сумата од 18 милиона ДМ. Со сепак ниска камата од четири до пет посто годишно, ако е тоа така, што мислам дека и нашите банки дали ќе можат да се уклопат во овие средства бидејќи 50% треба да обезбедат комерцијалните банки. НО, зборот ми е, со овие средства, ако рековме веќе дека треба да се дадат во земјоделие, да ги искористиме површините кои што се напуштени засега, како што е тоа Мариово, Осогово, Плачковица и други

IV/2 .-

повисоки места каде што може да се обезбеди сточарство, за да се обезбеди храна, односно млеко и млечни производи и месо и месни производи од домашно производство, да не увезуваме веќе од страна, да даваме девизи за овие производи.

Притоа, исто така, сметам дека би требало да ги видиме програмски кои капацитети недостасуваат за преработка на овие земјоделски производи кои со мали средства, ќе бидат вработени повеќе работници и ќе може да се обезбеди производство домашно. Крајно вре е нашата Република има земја, има простор има сонце има можности, нема доволно вода. Притоа, би требало, исто така да се води сметка за искористување на капацитетите и на потенцијални капацитети што имаме со вода за наводнување на површините за обезбедување на храна од домашно производство. би требало да имаме и поголема заштита на нашето производство, што мислам дека тоа прилично го обезбедува и Законот за царинска тарифа што се донесе. Така да со овие средства мислам ќе се забрза развојот на македонското стопанство и ќе можеме со наше производство да обезбедиме повеќе храна за граѓаните.

Јас го поддржувам ваквиот закон и барам уште повеќе да бараме такви, би рекол, не кредити, туку помош од странство за да можеме стопанството да го подигнеме на повисоко ниво за побрз развој за обезбедување работа на технолошкиот вишок, за обезбедуваше работа на стечајни работници, за обезбедување работа на оние невработен поготово на стручните кадри. Само со инвестиции ќе можеме Република Македонија да ја развиваме и да го забрзаме нејзиниот развој.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа сакам и јас да се вклучам малку во расправата.

Мислам дека стана помодарство во последно време ние да користиме многу кредити, да ги задолжуваме нашите идни генерации,

меѓутоа, тоа е судбина на оваа држава, бидејќи немаме пари нема начин како да ја поуспешиме определената област и мораме сега да бидеме повикани на одредени кредити.

Меѓутоа, конкретно кога се работи на овој закон, лично сук убедам, во разговорот и со многу луѓе во однос на земјоделието па и други стопанственици во приватниот сектор, доаѓам во позиција да имам еден свој заклучок деказемеме кредит а немаме стратегија. Каква стратегија имаме ние сега во земјоделието. Еве сега нудиме четири милиони и повеќе ДМ за на некој начин да го поупсшеиме развојот на земјоделието и да го доведеме во позиција на ново производство итн., Меѓутоа , лично се плашам дека немаме стратегија во земјоделието. Сега што тој наш граѓанин, наш земјоделец треба да понуди да прави нешто, да инвестира за да може да биде сигурен дека државата понатаму ќе гои откупи она што треба да го произведува. Гледате дека во последно време ние имаме низа наши работници кои се отпуштаат од работа заради овие промени. Меѓутоа, тие го бараат спасот во однос на земјоделието. Јас сега ќе ви кажам примери што многу наши земјоделци кои сакаат да произведуваат нешто односно да инвестираат се доведуваат во ситуација да направат програма. Таа програма односно проект треба сега да биде врзан за одредена екипа која е стручна тоа да го направи. Таа тоа дебело го наплати, а во меѓувреме си зависен од одредена банка да го земеш кредитот. Испаѓа дека тој земјоделец не е во ситуација да ги користи тие кредити, а благовремено потрошил пари за проект итн.

Зборот ми е дека Министерството за развој и истурените единици за земјоделие треба најконкретно најпаметно да влезат во ситуација да ги насочуваат нашите земјоделци каде треба да инвестираат, што треба да програмираат и во таа смисла мислам дека ќе биде јасно.

Ако овде Љупчо Иванов рече дека треба да го развиваме овчарството, јас прашувам на кој начин тоа треба да го развиваме на

нашите земјоделци да им создадеме услови за нивно производство. Кој ќе го купи тоа млеко. Еве и денес ние, почитувани пратеници, поставуваме низа прашања дека голем дел од купеното млеко се уште не е платено. Значи тоа се проблеми што ние како држава, како парламент, како Влада како министерство парите ќе треба да ги ефектираме во она што значи инвестиција, меѓутоа една далекосежност за да создадеме услови да можеме да ги вратиме тие пари. Во спротивно ќе се задолжиме и немаме од тоа ништо. Мислам дека и во приватниот сектор исто така немаме доволно стратегија.

Лично мое апелирање до Владата е, кога го земаме кредитот тој треба да биде поткрепен со овие стратегиски определби на нашето земјоделие и да бидеме многу посигурни во однос на давање на еден кредит на еден граѓанин за да не дојде тој во ситуација утре, зема кредит, да банкротира. Јас читав во Нова Македонија на цела страните сега во последно време се пишува како приватни бизнисмени се доведуваат во еден колапс. Зошто. Државата создала одредени ситуации, му дава можност да земе кредит, меѓутоа откако го земал кредитот, направил објект, донел машини, обезбедил технологија, се создаваат сосема други услови и тој не е способен заради низа објективни односно субјективни слабости да си го форсира производството и се доведува во ситуација на крај. Еве тоа слушам од човек од Струмица пред тоа од Неготино, некои од Гевгелија итн. Ве молам, еве јас го молам заменикот министер за финансии да го има тоа предвид.

Јас лично предлагам, ако е тоа можно, распределбата на средства од 18 милиони ДМ да биде 50% за земјоделие а 50% за приватниот сектор. Тоа би било децидно кажано. Ние сепак и се уште сме аграрна земја и ако инвестираме во тој дел мислам дека и нашите граѓани ќе бидат многу позадоволни.

IV/5.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници го прифаќам предлогот за донесуваа на еден ваков закон со кој после пет години разни ветувања и лаги кон земјоделците дека ќе им земјоделски кредити се тргнува од почетокот на кредитирање во приватниот сектор и овие кредити брзо ќе стигнат меѓу нашите, тн. фармери.

Јас ќе бев денес многу позадоволен ако гласавме за еден закон со кој овие 18~ милиони ДМ, наместо 14 милиони ДМ да одат за развој на приватниот сектор, а јас навистина како што тука нека рече не разбирам што значи тој приватен сектор и приватни фармер односно тие 14 милиони ДМ да одеа за кредити, за приватните земјоделци, а само 4 милиони за оваа другата страна.

Г-да пратеници сите знаете дека во изминатиот период на држава земаше вакви заедеи од светската и други банки меѓутоа сите заеми се трошеа само за развој на задругите и комбинатите. Приватни земјоделци слабо доаѓаа до тие кредити. Зелениот план стигна кај г меѓутоа никој од нашите земјоделци не го виде.

Заменик министерот за финансии не беше доволно јасен во своето образложение по овој закон во обврска со користењето на овие заеми во редовите на нашите фармери. Мислам дека заменик министерот треба да каже како овие фармери ќе може да ги добијат овие кредити под кои услови и за што. Нели постои страв повторно да се повтори онаа игра со зелениот план и овие четири милиони ДМ што се предвидени за фармерите да отидат на друго место а не кај самите фармери

Исто така за мене не е јасно прашањето односно образложението на заменик министерот дека дел од овие 14 милиони ДМ што се наменети за приватниот сектор, за неговиот развој, може да се употребат и за обртни средства.

Јас би го прашал заменик министерот, дали ако овие средства се употребат како обртни средства ќе се исплаќаат исто така за период од

20 години и под исти каматни услови.

Инаку, како што рече и Арсовски јас мислам дека овие средства денес треба сепак да ги преполовиме, повеќето да бидат наменет за приватните фармери, а помалку за приватниот сектор.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пртеници. Пред да се распоредат тие 18 милиони ДМ по комерцијалните банки, Министерството за финансии треба да изготви критериум по кој би се делеле тие средства и кои банки би делеле, бидејќи одредени банки, како на пример Алмако банка воведуваат услови за купување акции од нивната банка, во износ од 20% од добиениот кредит. Така да средствата ќе ги добие приватниот сектор се намалени за 20%. Не знам дали е тоа во ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги.

Очигледно две работи се тука што треба да ги издвоиме. Прво е предлог законот за задолжување што очигледно ќе има општа поддршка.-

Второ, е тоа што нас не интересира и што создава кај сите нас дилеми што ги имаме од нашето секојдневие, тоа е начинот на распределба, услови на користење, проекти, структура итн. Според тоа очигледно ќе мора Владата многу брзо, за една од наредните седници сите овие забелешки што ние овде ги даваме, дали поделбата да оди во прилог на земјоделието или обратно, дали претходно треба да имаат изработено проекти. Еве веќе слушаме информации дека некои банки веќе прават списоци на можни корисници со одредени услови, со трипати зголемени камати од она што госпоѓата заменик министер ја изнесе, што не е во ред. Ние долго го очекуваме овој закон некако закон туку како

средства што треба да ги користат луѓето, бидејќи навистина постои зголемен интерес особено кај земјоделците, долго е најавуван, прифатлив под овие услови, но да не се претвори во она што сите го рековме во калкулации> манипулации туку да се знае кој е проектантот кој е посредникот, кој го работи економскиот дел, кој го работи технолошкиот, кој стручниот кој ги пакува тие работи, преку кого треба да поминат. Мислам тоа најсериозно Владата да го прифати како најкоректно најконструктивно наше изјаснување во прилог потоа некој да не профитира од тоа а ние практично да бидеме искрен ние како парламент ја сносиме целокупната одговорност затоа што ние донесуваме закон за задолжување. Се друго, може да профитираат сите, верувам дека најмалку ние ќе можеме. Ние дури и денес не може да дадеме конкретни информации на граѓаните кои се интересираат, да им кажеме која е каматата, која е банката за која намена, минимум и максимум на средствата, роковите на. Дали во сето тоа поимот не развиени подрачја ќе биде како категорија односно вклучен во игра или не, или подрачја кои треба да се ревитализираат. Мислам една конструктивна дискусија, Министерството и Владата да ги земат предвид сите овие работи, а ние денес како закон да предложиме задолжување, она што е наша компетенција. Се друго веќе не е наша компетенција, тоа се компетенции на институции кои треба да ги операционализираат овие средства. Ве молам, кова најсериозно да се сфати затоа што сеуште сме на стартот веќе имаме сигнали дека некој од тоа дебело ќе профитира.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани колеги. Се создаде една практика која на вистина треба да биде овде објаснета од заменикот Министер за финансии, бидејќи законот што треба да го донесеме а сигурно треба да го донесеме, камо среќа вакви закони меѓу народната банка за обнова и развој и вакви помошти доделува на Македонија, за проекти било да е тоа за развој на приватниот сектор, на општествениот

IV/8.-

или на земјоделскиот а ние да не се караме за распределбата туку да се подготват критериуми врз основа на кои ќе се делат. Меѓутоа досегашната пракса покажа една многу негативна работа кај нас.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ: (**продолжение)

Бидејќи овие се обртни средства како што кажа заменикот министер, всушност средства што се наменети исклучиво за обртни средства, за поддржување' на инвестициони програми на приватниот сектор и на земјоделството, па се поставуваат неколку прашања кои што имаат и законски ограничувања. Според законот кој што се измени по нова година, точно да не го цитирам, една организација, регистрирана, како да кажам, може да биде депонент или член само на една банка. Што значи дека, сега, бидејќи беше кажано дека средствата ќе се делат преку Народна банка во комерцијалните банки, барам заменикот министер да одговори дали на сите комерцијални банки ќе се делат преку Народна банка или само на одредени банки кои што ги исполнуваат условите според извршените ревизии од светските меѓународни организации. Што значи, едното ако се делат по овој критериум тогаш ќе се дојде до ситуацијата во која се наоѓаме сега кога се делеа и средствата за инвестиции да добијат само оние кои се комитенти на таа банка, а другите кои не се комитенти на таа банка не добијат од Народната банка а се комитенти на пример на Комерцијална инвестициона банка во Куманово, да не можат да добијат од тие обртни средства кои се за поддршка на одредени инвестициони проблеми. На пример, ако не си комитент на Стопанска банка инвестиционите програми кои одредена фирма ќе ги поднесе барем во досегашната пракса ги враќаат сите со едно просто образложение без проценка на квалитетот и рентабилитетот на тие инвестициони програми туку само со едно просто образложение дека не е комитент на Стопанска банка и дека не може да конкурира со инвестициона програма.

V/2.-

Според тоа, значи ќе се создаде една голема неправда према приватните фирми кои што ќе конкурираат за овие средства врз основа на инвестициони програми со кои претходно конкурирале. Ова јас така сега го разбирам».Според тоа, тоа бара да се објасни.

Второ, барам за да се избегне законската пречка која стои при поделбата на средствата за користење на инвестициони програми кои овие обртни средства треба да се делат според овој закон кој што сега треба да го усвоиме, треба да се цени квалитетот на инвестиционата програма, меѓутоа во тие групи каде што ќе се оценува квалитетот на инвестиционите програми во кои ќе одат и обртните средства, бидејќи обртните средства само ќе потпомогнат утре да се вратат и средствата од инвестиционите вложувања, а никако не можат да овозможат целосно да се врати инвестицијата со тие инвестициони средства, сметам дека е потребно да има и претставници од Владата, бидејќи објективно ќе дојде до поделба на еден субјективен начин и квалитетните програми како што стои и во Законот кој што треба да го усвоиме, викаме за реализација на проектот за развој на приватниот сектор. Што значи дека Владата или Парламентот, или Министерството треба да имаат проект за развој на приватниот сектор. Па, тогаш во кои инвестициони програми и во кои инвестициони програми ќе ги потпомогне со доделување на овие обртни средства. Досегашната практика навистина е негативна за приватниот сектор. Тоа е едното прашање.

Второто прашање, е тоа што сакам да се произнесам, не мислам дека не е потребно на земјоделието да му се доделат средства, овие средства се многу, од 4 милиони германски марки што се доделуваат сега, меѓутоа ја сега за првпат среќавам за нешто вакво освен овие што досега беа преку Алмако - банка и уште некоја кредитна банка поделени, македонска банка итн., не сретнав нешто преку приватниот сектор да се

издејствува и да се додели на македонската држава за да може да се изградат производни капацитети сега пак, од друга страна за да оваа голема невработена работна млада снага, која се занимава, да не кажам со што, со дрога,кафулиња итн. да се вработи во овие производни капацитети, туку да се оди таму, во земјоделието. Фала богу, да ми опростат земјоделците, ама Македонија има земјоделско производство, барем јас колку сум информиран преку Стопанската комора од сите врсти преку 600 илјади тони години кое што нема каде да го пласира.

Според тоа овде не се работи само за развој, да ги доделиме средствата, сега да се развијат и индивидуалните земјоделци. Никој не е против да се развие индивидуалното фармерство, да одиме по некој терк во Америка, која што прво го развиваше индивидуалното фармерство, па потоа преработувачката индустрија. Меѓутоа, ние не сме сега во таква ситуација. Да не испадне сега дека јас тука држам некои предавања, меѓутоа навистина е потребно овие средства кои што се добиваат да бидат доделени на квалитетни програми, да бидат поддржани тие програми, да се знае по кои критериуми Владата да учествува во таа поделба и да ги добијат оние банки, комерцијални преку Народната банка за кои рамноправно можат да конкурираат сите правни субјекти овде како што се наведени како приватен сектор. Благодарам.

(Во 16,05 часот со седницата продолжи да раководи потпретседателот г-дин Блаже Филиповски)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Котевски.

V/4.-

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине потпретседтеле, драги пратеници, исто така како и претходните дискутанти јас го поддржувам овој предлог за донесување на закон за кредитирање на приватниот сектор и на индивидуалното земјоделие. Меѓутоа, јас имам еден предлог место да се спомнува 14 милиони германски марки плус 4 милиони германски марки за индивидуалното земјоделие, тоа да биде заедно, мислам да не биде нагласено посебно за приватен, посебно за индивидуален сектор, па во зависност од програмите, во зависност од она кое што најдобро ќе одговара така да се доделуваат кредитите.

Секако дека овие кредити односно најавата која што беше уште пред да бидеме пратеници негде околу 20 милиони долари, уште тогаш ние зборувавме дека ќе влезат за развој на индивидуалното земјоделие, меѓутоа еве сега, без разлика што доста скромно, меѓутоа со оглед на тоа што претежно нашата Република е аграрна земја и нормално дека предизвикува толкав интерес за користење на овие кредити

Меѓутоа, што е најбитно? Според мене најбитно е овие услови кои што се дадени во предлогот на овој закон викаме грејс - период од 5 години, 20 години отплата, многу битно е оти веќе оваа Спогодба е раширена и кај земјоделците и кај сите. И, сега најбитно е онаа улога која што ја имаат банките и индивидуалните земјоделци, а исто така и приватните, спојувањето. Кога се објаснува мислам во дневниот печат и сл., ги читаат условите, меѓутоа кога ќе дојдат кај банките во почетокот се многу силни, многу сакаат да земаат од овие кредити, меѓутоа кога ќе дојде крајниот исход мислам дека се разочаруваат поради ред други работи кои што се јавуваат како проблеми и не може да дојде до индивидуални производители.

V/5.-

Јас исто така сакам да спомнам дека за овие 7-8 години посебно да речам индивидуалните земјоделски производители воопшто не се кредитирани во смисла на некои инвестиции во однос на набавка на трактори и сл., меѓутоа, исто така, вакви кредити во трајни обрт средства во механизација, во штали,во крави и сл. и индивидуалниот сектор во поранешниот период користеше. Земјоделските стопанства директно, меѓутоа индивидуалните производители било да се работело преку некои задруги или преку банки како што беше Стопанска банка и сл. се користени.

Друго, проблемот е дали секаде во Републикава на сите подрачја овие кредити се наменски и правилно искористени. Ако е тоа, нормално дека негде имаше правилно искористување, некаде за тоа имаше кој да води сметка.

Јас уште еднаш го поддржувам и добро би било во иднина затоа што за развојот на земјоделието овие пари се ништо во споредба со потребите кои што се наметнуваат за кредитираше, посебно со трај обртни средства.

Еден од пратениците спомна посебно во каква ситуација се наоѓа конзервата индустрија кај нас. Македонија да речам очекува можеби 70 - 80 милиони килограми може и над 100 милиони килограми раноградинарство или касно градинарство. Меѓутоа, сите овие фабрики се во една таква ситуација кои што не можат да го преработат ова производство како што се јави проблем со враќањето на камионите од Хрватска и се наметна како проблем затоа што не се ниту технолошки ниту технички оспособени да можат да го преработат производството.

Мојот предлог е, ако има можност да не се нагласува приватни 14, индивидуални толку, меѓутоа тоа да оди како 18 милиони за развој на приватно и индивидуално земјоделие.

Благодарам.

V/6.-

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин потпретседателе, дами и господо, се извинувам што по вторпат се јавувам, меѓутоа дојдов до еден проблем кој што не беше кажан во врска со добивањето ан средствата, во врска со кредитирањето кои банки ќе го извршат кредитирањето и под кои услови и како би можеле земјоделците и другите корисници да ги добијат средствата бидејќи банките бараат покрај останатата документација да биде и основач корисникот на средствата. Ако бара гаранција, ако бараат средства да биде и основач. Колкава е таа сума, најмалку 10% од вредноста. Ако е така, тогаш банките ќе ги повлечат дел од тие средства, и нема да се изврши онаа замисла односно Законот во целост како што е предложен.

Па, мислам дека треба во законот односно насоките односно при давањето на средствата без да биде оснивач граѓанинот, земјоделецот, корисникот или приватното претпријатие на тие средства бидејќи од искуство имаме дека не може навистина објективно да се дадат средствата за намените за кои е продуктивно, рентабилно и долгорочно развојот на стопанството во земјоделието, туку ќе се дадат на оние организации кои што и натаму ќе водат трговија без производство, не овде, нема трговија, нема рентабилитет. Рентабилитетот е во производството. Мислам овие средства треба да бидат повеќе наменети за продуктивно производство што ќе обезбеди како што реков и порано храна на Македонија. Ова сакав да го додадам да се има во предвид банките да не условуваат да биде комитентот и основач на банката и да депонира средства во банката, да ги намали средствата да не може да се изврши онаа замисла, инвестиција како што е предложено со законот.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да предложам заклучок на Собранието молам да се повикаат >> пратениците да влезат во салата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам службите да утврдат точен број пратеници присутни во салата.

(По пребројувањето на присутните)

Бидејќи го заклучив претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

60 пратеници гласаа за, констатирам дека заклучокот е усвоен,

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

VI/2.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 1 за менување на став 3 и на член 3 став 3, по кои Владата не се про4-

Пратениците Марјан Начевски и Иван Бојков поднесоа амандман на член 4 за додавање на нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи овој амандман од Комисијата за финансирање и буџет значи допрецизирање на ставот 3 од членот 1, сметаме дека навистина е добар амандман и го прифаќаме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање на нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Марјан Начевски и Иван Бојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на господин Марјан Начевски и Иван Бојков го прифаќа Владата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Благодарам, значи е составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара^збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжувањето на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор.

Преминуваме на **5-тата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, со Предлог на закон.

VI/4.-

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Мислењето на Владата н извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Пецов, предлагач на Законот.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, досегашната пракса од воспоставувањето на судското одделение во Виница покажа дека Јавното обвинителство во Кочани не може навремено и ефикасно да ја извршува својата функција на подрачјето на општина Виница.

Во одбиеното Мислење од Владата единствено во тоа се согласуваме, бидејќи вели цитирам "Во најкус временски период оваа состојба ќе се надмине". Меѓутоа, различни се мислењата како тие лоши состојби да ги надминеме. Концепцијата на Владата е да остане Јавното обвинителство во Кочани и понатаму, а значително да се зголеми бројот на заменициите обвинители, односно од досегашниот еден заменик, сега да бидат зголемени на 4 заменици јавни обвинители.

Во Виница не сме задоволни од ваквото решение, ниту Основниот суд ниту Општинското собрание, па ниту јас како пратеник, па затоа го поднесов овој предлог за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, со Предлог на закон, во кој предлагам од неефикасно заедничко обвинителство во Кочани да се издвои Јавното обвинителство за подрачјето на Основниот суд во Виница.

Во Мислењето на Владата има неточна аргументација и за тоа ќе настојувам да изнесам основни аргументи со кои сакам да ве убедам дека предлогот е издржан и дека значително ќе се подобри ефикасноста

на Јавното обвинителство а со тоа и самиот закон.

Аргументацијата за обемот на работата за формирање ва Јавно обвинителство ја давам преку податоци за работата на Јавното обвинителство Кочани за послдните пет години.

Прво, кривични пријави за познат сторител полнолетни лица просечно годишно се 95. Податокот на Владата во Мислењето 85 не е точен. Ориентациона форма месечна Владата става 25 такви при- јави. Ако е навистина таа норма, тогаш самата не ја почитува, бидејќи Кочани има месечно 23, две помалку од нормата, а го зголемува бројот на заменици од 1 на 4.

Второ, кривични пријави за познат сторител – малолетни лица, за нив норма за Виница е ставено 30, а Кочани има само 10.

Трето, ако се додадат и кривичните пријави за непознат сторител и 30% за други ангажирања и објективно немерливи работи, кои ги предвидува и Владата се добива вкупно 23,66 предмети за Виница. Ако се имаат за база предметите на Кочани ќе се добие резултат од 1,48 потребен број јавни обвинители и заменици, а не како што е во мислењето од 0,5.

Од наведените аргументи произлегува дека има потребен обем на работа за формирање на јавно обвинителство во Виница.

Бојазноста на Владата дека ќе бидат потребни дополнителни финансиски средства за простор, за лични доходи, за стручни соработници, книговодител, чистач, курир не е основана бидејќи располагаме со доволен простор и имаме две наместени канцеларии испразнети од Судот за прекршоци. Книговодствените, благајничките работи, чистењето куририот, возачот ќе се користат на Основниот суд во Виница и нема потреба од дуплирање на такви трошоци. За обвинителот

би биле значително поголеми трошоците ако биде во Кочани, бидејќи Виница има 23,6 предмети, ако патува само еднаш по предмет, треба да патува 260 пати, а некогаш е потребно и 2,3 и 4 пати по еден предмет. Потребно е посебно возило и патни трошоци. Покрај сите дополнителни трошоци јавниот обвинител во Кочани во доволна мера не ја познава состојбата ва подрачјето на Основниот суд во Виница и затоа не се постапува ефикасно по кривичните предмети.

Да укажам дека рационализација на трошење на буџетски средства може да се направи и со добра рационализација на кадарот во Основниот суд, кој има на располагање три стручни соработници а на Основниот суд во Виница не му е потребен од еден стручен соработник и еден приправник. Стручните соработници кои ги исполнуваат условите за судии да се пренасочат во Јавното правобранителство и во Основниот суд во Кочани, каде има доста непополнети места.

Од фактите кои ги наведов убеден сум дека може да се обезбеди поефикасна функција на Јавното обвинителство без дополнителни средства.

На крајот само да напоменам дека предлогот беше прифатен и од Законодавно - правната комисија и е став на Пратеничката група на Социјалистичката партија.

Затоа, почитувани пратеници, Ви предлагам да го усвоите Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство и Ви благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Што се однесува до фактите, претпочитувам дека тие се поточни во информацијата на Владата, бидејќи се заснивaат на долгогодишно следење и водење на податоци за обемот на работата, бидејќи Министерството за правда е надлежно за евидентирање на обемот на работата во судовите по еден судија и во обвинителството во цела Република Таа документација ја води од тогаш, од кога постои Министерството за правосудство во континуитет Министерството за правда. Од тие факти произлегува дека во Виница навистина нема место, предметна работа или обемна работа за еден обвинител.

Вториот принцип кој што треба да биде земен предвид е принципот на рационалност. Имено, како што можете да видите од изводот за одредбите од Законот за јавно обвинителство на 6 пунктови едно обвинителство врши функција за две општини, како што е Јавното обвинителство во Битола и за Демир Хисар, Јавното обвинителство во Кавадарци и за Неготино, Јавното обвинителство во Кочани и за Виница, Јавното обвинителство во Куманово и за Кратово, Јавното обвинителство во Прилеп и за Крушево, и Јавното обвинителство во Штип и за Пробиштип Нема посебни причини, посебен обем на работа, посебно комплицирани услови за остварување на функцијата на Јавното обвинителство на релацијата Кочани Виница, кои што тој пример би го одликувале или би го разликувале од овие други случаи каде што обвинителствата ја вршат истата функција, нема посебни причини да го издвојат и да дадат аргументација за формирање одвоено јавно обвинителство. Спротивно, има повеќе аргументи кои зборуваат дека во примерот меѓу Кочани и Виница постојат помалку причини отколку во другите 6 случаи, затоа што Кочани и Виница се на оддалеченост можеби од 10 километри, тоа е една најнормална релација на домување и работно место во еден поголем град. Патните трошоци не постојат

бидејќи се завршува во текот на работниот ден и како што се знае, во дадената општина кога се оди во текот на работниот ден не следуваат патни трошоци.

Трето, да ве потсетам дека и формирањето на Основен суд беше исфорсирано во ова Собрание во рамките на едно расположение кое се разви и каде што се пробија аргументите и мерилата за основање основни судови односно на одделенија таму каде што не постојат ниту обем на работа ниту оправданост да се формира основен суд односно одделение, и тука да ги споменеме случаите на Виница од одделение во Основен суд и да ги споменеме одделенијата во Валандово, Македонски Брод и Демир Хисар, каде што навистина немаше место да се зголемат односните установи.

Предлогот фактички оди кон заокружување на една институција во целина. Не е можно за таа институција стручните работи да ги вршат на пример заеднички стручни соработници: Предлогот беше од 3 стручни соработници доволно било во основниот суд 1 стручен соработник да ја врши работата а другите да се префлиле во Јавното обвинителство. Фактот што господинот Пецов денеска го признава односно го искажува дека Основниот суд има потреба само од еден стручен соработник е факт што кој посредно кажува дека во Основниот суд во Виница има потреба само од двајца судии или дека Виница можеше да продолжи успешно да работи како судско одделение а не како Основен суд кој штос се заокружува на 5 судии. Нормата на работа во основните судови, еден стручен соработник на двајца судии, што значи дека нема ниту доволно предмети за основниот суд во Виница. Едноставно тој расчекор меѓу постоење на една комплетна институција и непостоење на доволен предмет за да се покрие постоењето на таа комплетна институција ќе остане постојано за Виница. А сега се бара формирање на уште една институција за која ќе нема доволно предмети за нејзино целосно функционирање.

Според тоа причините не можат да бидат оправдани од становиште на предметот на работата,обемот и на принципот на рационалност, туку тие причини се поместени во друга областа која јас не сакам да ја коментирам.

Предлагам заради оправданоста на аргументите од страна на Владата, второ, заради почитување на принципот на рационалност, и трето заради надеж дека Собранието нема да продолжи во ист правец да формира институции таму каде што нема доволно оправдување дека овој предлог нема да биде усвоен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Тодосие Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господин потпретседател, дами и господа, требаше да се јавам за збор пред да земе збор господинот министер за правда, но еве задоцнив. Јас сакав да кажам дека и покрај образложението на министерот дека во Виница нема оправдување економско и правно и се она што го кажа меѓутоа јас лично сметам дека пазарното стопанство во кое веќе навлегуваме, судските предмети се зголемуваат се повеќе и повеќе, така што судовите односно третата власт иако ја формираме сеуште е неефикасна не ги извршува на време задачите. Сметам дека со формирањето односно со назначувањето и формирањето обвинителство во општина Виница судот ќе биде многу поефикасен, побрзо и навремено ќе ги решава задачите и предметите кои стојат и мислам дека одењето од Кочани за Виница во секое време и познавањето на проблематиката и работата, не е Кочани толку спремно во детали, како што ќе биде спремен оној обвинител во Виница.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:** (Продолжение)

Заради тоа би рекол ако треба 3-4 заменици во Кочани нека биде еден обвинител во Виница и сметам дека барањето на општина Виница за мене е оправдано, знаејќи ги приликите и познавајќи ги работите воопшто што се случуваат. Исто и што треба да се случат во перспектива а тоа е ќе видиме пазарното стопанство наложува да има повеќе предмети за решаваше, тие да бидат побрзи и поефикасни и мислам дека со ништо не сме ги оштетиле ниту буџетските средства ниту пак сме направиле штета на државата, туку корист на граѓаните од таа општина.

Затоа ја поддржувам иницијатива на општина Виница за формирање обвинител во Виница. За тоа би гласал ако дојде до тоа до гласање.

Зборот ми е дека ќе биде оправдано доколку не е доволно таа работа, баш толку нема предмети па може да врши помош и на Кочани како обвинител иако е од Виница, да врши помош на Кочани. Затоа предлагам да се формира обвинителство во Виница. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Мирко Пево, предлагач на законот.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, би дал уште некои аргументи со цел подобро да ја разбереме работата.

Прво, неколкуте забелешки што ги кажа министерот, поточни се податоци на Владата, рече. Јас мислам дека моите податоци се поточни

бидејќи ги вадев со печат и потпис на јавниот обвинител. Значи, податоците се добиени од овластено лице со печат и потпис. Се гледа дека е математичка грешка. Зошто е направена? Со исти податоци бараме, а различни резултати сме добиле, така што не отстапувам од тоа дека моите податоци не се точни.

Тоа што го кажа за другите општини, јас се залагам и другите општини да добијат обвинителства и тоа ако се покренат, исто така ќе се вклучам да добијат обвинителства.

Трето, што кажа дека е исфорсиран судот во Виница, мислам дека е тоа преурането. Може да се договориме после една година да ги видиме резултатите на судот во Виница и на Кочани и на малите и големите судови и да се види нивната ефикасност, па ќе зборуваме дали сме направиле грешка или не. Според мене не е направена никаква грешка, туку сакам малку и повеќе да објаснам околу тие работи.

Особено околу случајот Виница - Кочани, тој е од поодамна и би дал неколку аргументи како се случувале и кога одлучувале не пратеници туку по налог на ЦК. Како им кажале од ЦК така и одлучувале. Ние сега веројатно треба д аги гледаме аргументите.

Бидејќи Виница има, да речеме, Плачковица и шумското богатство, Кочани ќе ја има преработката на дрво. Ќе има територија Калиманци и Калманска брана, ќе управува со водите, Кочани со струјата, ќе управува Делчево. Виница ќе нема ништо од тоа. Од ориз, преработките од слама што се заеднички, сите капацитети се во Кочани. Банка, суд, обвинителство итн. Настануваат се поради таа близина. Дури имаше една ситуација во Виница да се редат за леб. Имаше редици како да не речам во комшии некаде во некои земји, големи редици за леб. Ние

објаснуваме на Републиката дека треба капацитет за леб. Велат не, има доволно капацитети во Кочани. Значи, леб нема, меѓутоа капацитет има во Кочани, така што нема тука проблем. И такви факти ни се нудеа до сега.

Ако ги погледнеме статистичките податоци за опременоста на основни средства по жител во Виница, да биде на 40% од нивото на Републиката, 40% опременост со основни средства по жител е Виница во споредба со Кочани. Се дојде во ситуација една од нај- развиените и една од најнеразвиените општини на иста локација, со дури предности на Виннчка општина по географски и природни богатства.

Сето тоа го наведувам, сепак со аргументи да одлучуваме а не да кажуваме какво било некогаш, да слушаме како било некогаш и да одиме по таа логика.

Плус тоа, за да проучам проблемот на мали организациони форми, мислам дека е тоа перспектива, го замолив секретарот, ми фотокопираше книга од 400 страници да ги проучам малите организациони форми и претпријатија да бидат многу поефикасни во иднина и ние треба да се базираме на такви форми, на такви организациони форми што ќе бидат ефикасни.

Не можам да ја разберам Владата, еве во стопанството почнуваат такви, ние држиме форум за мали и средни организации и слично и ќе почне веројатно ако имаме добра совест дека малите претпријатија, малите други организациони форми се излез од ситуацијата што ја има Македонија. Не можеме да правиме, како што е речено, во аргументите на Владата стои дека еден обвинител да наведеме 9 души разни чистачи, книговодители, шофери и тн. Јас тоа навистина не можам да го сфатам. Во право е Владата. Нам ни треба обвинител и ефикасно да се

вршат работите. Нам не ни требаат сите тие наведени 9 души. Како можам јас, сабајле, сум директор на 900 луѓе, пратеник сум, да земам да возам од Виница до тука, да се враќам назад, а да планираме тука дека за обвинител мора да има кола, посебна кола или шофер или такви работи. Тоа не ја разбирам Владата, бидејќи стопанството ќе почне пешки да оди од такви работи. Значи мора навистина рационално да се однесуваме, меѓутоа ефикасно до крај да бидат, ефикасност да се постигне кај сите тие сегменти.

Се залагам за една ефикасна структура. Не од Република Македонија да направиме мала држава , мал човек со голем стомак, туку да направиме правилно развиен човек со правилно развиени екстрмитети, да има јаки раце заработа и нозе за прилагодување на состојбите. Така што мислам, не е , според мене малите организациони единици се перспектива за Македонија и бидејќи сме мала држава мора да бидеме многу рационални и ефективни.

Затоа се залагам да ме подржите во донесувањето на законот

Благодарам.

Се извинувам на Кочани , да не ми замери, не го зборев Кочани , туку да кажам една ситуација за Виница.

(Со седницата продолжи да раководи г-дин Тито Петковски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господ пратеници.

За мене е природно и прифатливо, што колегата од Виница е загрижен и бара во оваа општина да има општинско јавно обвинителство

и обвинител. Веројатно желбите негови се со имањето на оваа институција целиот правосуден систем во оваа општина да функционира по квалитет. За тоа аргументите требаше да бидат бројки, предмети а не општ напад на институцијата Општински јавен обвинител. Тоа беше невкусно бидејќи е тоа институција за која е надлежна да цени и Министерството, Влада и Републичкиот јавен обвинител.

За да се постигне одредена цел не треба да биде преку таа цел да се девалвираат одредени квалитети и одредено функционирање на одредена институција за која не нам колку се има, колку може да се има познавања и да се каже дека поради неквалитетно функционирање, незнаење и друго еве има потреба од обвинител во Виница.

Второ, јас не чувствувам воопшто вина на Кочани како општина за досегашниот развој на Виница. Најмалку Кочани е за тоа виновно.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Пецев.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Само на почитуваниот колега до Кочани, пратеник, да ми објасни како го навредив Јавното обвинителство. Јас барем или вие ако разбравте каде е таа навреда, се извинувам ако се навредени. Меѓутоа, да сум рекол дека не знаат, дека не ја работат работата и сл. такви работи не сум употребил, незнаење или слично. навреда јас не сум употребил. Ако сум употребил се извинувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се извинувам, и да има после мене, нема да станам повторно. Се решив повторно да станам дека имам чувство дека имаме погрешно разбирање за тоа што е функцијата на Јавното обвинителство.

Би се рекло, во една софистицирана форма дека се направени замена на тези и ли обично речено се помешаа баби и жаби.

Имено, оправдувањето за формирањето на Јавно обвинителство се аргументираше со развојот на пазарното стопанство, умножувањето на приватните стопански субјекти и со зголемувањето на прометот и предметите од таа област. Од тие причини се кажа дека ќе се создадат многу повеќе предмети што бараат поголема ефикасност во решавањето и тука е направена принципиелната грешка. станува збор во таа сфера за граѓанско - првни предмети за кои што треба многу адвокати. Евентуално, ако станува збор за јавен сектор да им треба правобранители, обвинителот е посебен државен орган надлежен за откривање и гонење на криминалот. Што значи дека криминалот може да биде независна варијанта или независен од тоа дали е пазарно стопанство или е непазарно стопанство. Туку, тој зависи од други фактори.

Од тие причини исто беше аргументацијата надвор од темата кога се укажа дека практично се правела извесна концентрација на објекти, претпријатија и се друго во областа на стопанството, земјоделието и тн. во Кочани, што значи с централизирале, додека помалите места блиску до Кочани не се формирале такви установи.

VII/7

Замената на тезата се состои во тоа што Виница нема да се развие повеќе ако има јавно обвинителство. А, веројатно ќе се развие повеќе ако има стопанско претпријатие, ако има приватна фарма или ќе ги задоволи повеќе потребите на граѓаните ако има пекарска индустрија, мелница и се друго. Веројатно, правецот на развојот е во таа област. Ако има обвинителство, не значи дека ќе го подигне нивото на животот и нивото на решавањето на потребите, оти тогаш би значело ако има две обвинителства или ако има 10 обвинителства Виница би бил развиен град.

Не функционира, исто така, метафората дека со предлозите и ситуацијата формираме практично еден мал човек со голем стомак, а треба да ги развиваме екстремитетите. Обвинителството не спаѓа под тој органистички однос, иако е во метафори, во екстремитетите, туку во стомакот, бидејќи е потрошувач, бидејќи е буџетска установа. Што значи дека нема никаква паралела меѓу малите организации, малите претпријатија што се перспектива на развојот на малите градови, на големите градови низ цела Македонија со обвинителствата, бидејќи обвинителствата се државни установи, буџетски установи или потрошувачки.

Лебот на обвинителството е криминалот или со други зборови има леб за обвинител ако има криминал и ако е тој добар службеник кој добро и ефикасно го открива криминалот, го гони криминалот и го спроведува.

Уште една дистинкција за да не се мешаат ниту судовите во однос на обвинителствата. Судовите се трета власт. Тие се самостојни во својата работа. Меѓу нив не постои принцип на субординација и хиерархија. За разлика од нив јавното обвинителство е посебен државен орган, посебен во однос на судството., И, не мора да ја следи и не е

воопшто важно да ја следи логиката на организационата поставеност на судството, бидејќи по дефиниција во новиот закон за Јавното обвинителство што го донесе овој парламент пред 7-8 месеци дефиниравме дека Јавното обвинителство е единствен државен орган организиран на принцип на субординација и хиерархија. Значи, дека Републичкиот јавен обвинител може да премесети 20 обвинители доколку има некоја голема потреба во некој град да работат на откривањето или на гонењето на криминалот или да го застапуваат јавниот интерес во однос на сторителите на кривичните дела.

Толку големата аргументацијата дека Виница има потреба до јавно обвинителство е практично признание дека Виница има голем криминал. Или, толку голем криминалитет што не може да се покрие со обвинителството од Кочани.

Значи, навистина се помешани комплетно работите што, во овој момент, додека ја слушав аргументацијата, имав чувство дека не се прави разлика помеѓу адвокатска служба, меѓу правобранителство и обвинителство. Обвинителството е единствен државен орган надлежен за гонење на сторителите на кривичните дела. Дали треба, треба да се има аргументи за криминалитетот, би значело дека Кочанското обвинителство, како што се кажа, неефикасно и неефикасно ги оства-рува неговите задачи во однос на Виница, тоа значи дека Кочани нема криминал, а во Виница врие од криминал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Мислам дека ние исто крајот цени дали со обвинителство ќе има подобар развој или нема да има, бидејќи со институции, со луѓе се има подобар развој или послав развој. Тука мислам дека не држи тоа дека со ништо нема да ни се помогне. Тоа што ми се префрла дека таму врие од криминалитет, баш за тоа е. Нека се има и нека се провери. Можеби јас сомневам, таа соработка до сега не била, да речеме, на таа висина како некој кога ќе биде на местото ќе ги знае предметите и, бидејќи има многу предмети, секојдневно ќе ги водат и ќе знае точно кој што има и колку има.

Особено што јас сум и пратеник и стопанственик имам право и да поднесам а имам право и да бркам баби и жаби, ако сметате дека финансирањето е баби и жаби а другото е обратно.

Така да мислам дека за сѓ што се формира треба да се издвојат средства. Ние кога издвојуваме мислиме зошто издвојуваме и како порационално да се однесуваме. Веројатно си ги знаеме ние нашите барања и точно нашите сознанија на таа тема.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

<u>Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство.</u>

Кој е за заклучокот молам да крене рака? (14)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

VIII/1.-JJ/OM

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точката шест** - Предлог за донесување на закон за државна ревизија.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор.

Има збор г-дин Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги се работи за закон за финансиите кој што е новина во нашата држава. Во секој случај заслужува внимание од аспект на тоа што досега во државата се контролира прибирањето на приходите. Овде се работи за контрола на расходите пред се во Буџетот, јавните претпријатија, фондовите. агенциите и онаму каде што државата има свои акции. Ова досега, ми се чини, ни фалеше и можеби и претходниот парламент требаше ваквиот законски проект требаше да го има со време, бидејќи е повеќе при- чина што во сферата на потрошувачката, каде тие средства се наменети а најмалку досега се водеше контрола. Почнувајќи од месната заедницг средствата кои ги имаше и кој ги прибираше , државата ги финансираше па до единиците на локалната самоуправа. Досега кај нас не се случило на пример или тоа се случуваше ад-хог овие средства да потпаднат под контрола. Овој закон ќе добие во тежина во моментот кога Македонија ќе добие 120 локални единици односно свои буџети и така и каде тие средства ги трошат.

Втора област се јавните претпријатија. Тука се Електро- стопанство, ПТТ сообраќајот, железничкиот сообраќај и тн. каде

огромен капитал и средства се трошат, но и не се под контрола. Ми се чини дека овој закон во тој домен дава рака врз контрола на расходите. Фактички тоа му е и суштината.

Моја забелешка на овој проект кој е во прва фаза, предлагам да се донесе во две фази, скратена постапка, бидејќи неопходноста од неговото профункционирање е секако голема во државата. Ќе ги изнесам забелешките во делот на членовите кој регулираат што треба да биде , односно кои се условите една личност да биде државен ревизор. Во членот 25 тоа е опфатено, во Предлогот на законот стои да биде дипломиран економист или дипломиран правник. Мислам дека оваа додавка за дипломиран правник што е овде изнесено , не зборувам од аспект на тоа дека сакам да ги потценам правниците, туку воопшто не се компетентни во областа во која што треба да вршат ревизија. Ако погледнеме подолу еден од условите е дека ревизорот треба да има најмалку 7 година работа во сметководство и финансии . Тоа е нонсенс. Правникот тоа не може да биде. предлагам во овој домен правниците не можат да одговорат и да не стојат овде.

Втора работа е што се предлага овде, прашање што со досегашните ревизори кои постоеле во нашава држава. Тоа е регулирано во натамошните членови и останувaa, но се работи за оние нови наименувани ревизори.

И уште една работа што е карактеристична, а тоа е формирањето односно издавањето на лиценцата која ја поседува ревизорот. Тоа право овде го има главниот државен ревизор кој што ќе го назначи овој парламент, да формира своја програма. Ми се чини дека е по- добро тоа да го направи Министерството за финансии. Наместо главниот државен ревизор таа програма за полагање на тој испит на идните државни ревизори да ја донесува Министерството.

Во секој случај законот добива поддршка и добро е тоа што се изнесени примерите на другите земји за името на оваа државна ревизија и би завршил со тоа што пак ќе повторам предлогот да оди во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-динот Каров.

**ЉУПЧО КАРОВ:**

Г-дин претседателе, почитувани колеги и претставници на Владата.

Мислам дека воопшто не би требало како една од причините или основните начела да биде на кој би се засновал законот, да биде степенот на развиеноста на една земја, како што се земјите од Европската унија или еден таков систем ан воведување на ревизија на јавните расходи. Напротив ревизијата или контролата на јавните расходи и на јавните претпријатија е наша неопходна потреба, имајќи го предвид степенот на развиеноста на нашата земја, положбата и тешкотиите со кој се сретнуваат правните субјекти при исполнувањето на своите законски обврски како и многу тешката економска положба на граѓаните Со еден збор потребата од контрола на сите средства што имаат карактер на државни средства, со кои обезбедуваат јавните приходи и расходи од правните лица и од граѓаните, е далеку поголема дури и од развиените земји. Според тоа сосема е неоправдано што во економскиот систем ваков вид на контрола досега не е присутен. Мора да се каже дека отсуство о на ревизија на средствата што се стекнуваат од граѓаните и од правните лица, придонесе добар дел од тие издвојувања да

се трошат не наменски, не ефикасно и не економично. Но придонесува јавните расходи на некој начин трошењето да се овозможуваше што тие средства одеа на други намени во добар дел за други активности и потреби, а тоа укажува дека постои можност да се користат за лична корист на одделни раководители кај одделните корисници.

Ми се чини дека на овој степен во државата присутна е грижа и активност само во обезбедувањето на рамнотежа на буџетските приходи и расходи, што значи постои грижа, меѓутоа, во поголем дел е отсутноста како тие расходи се трошат. И покрај тоа што кај одделни корисници се води сметка за намената на тие средства, понекогаш узаради присутните слабости во управувањето и водењето кај одделни корисници секогаш таквите средства за тие корисници ќе бидат недоволни. Не може да биде поголем интерес на државата отколку рационалното трошење на средствата на граѓаните, така и на тој начин може да се обезбеди и економска и политичка стабилност на некој начин. Тоа ќе ни овозможи реално планирање на фактички реалните и потребни средства кои што во секој случај би биле помали.

Во врска со некои забелешки околу текстот на законот, мислам би требало да се размисли за време траењето на мандатот на главниот државен ревизор и неговиот заменик. Мислам дека времето од 8 години е предолго, иако од една страна овозможува една стабилност во водењето на ревизорската работа, меѓутоа, периодот од 8 го- дини на некој начин може да овозможи една лежерснсот.

Понатаму не би требало да има ограничување околу години те на работа во финансиско - сметководствените работи. Напротив треба да се даде една можност и на помладите кадри на поголем број млади лица претежно со профил од едкономските науки да можат да го полага

испитот за полагање на сертификатор за државен ревизор. Исто така треба да се размисли околу казнените одредби и висината на казните доколку не се сака да се стави на увид документацијата од страна на корисниците при вршењето на државните финансиски трансакции, извештаи и тн.

Понатаму звањето овластен државен ревизор врз основа на писмено барање на постојните кадри, мислам дека е добро, но не оди во прилог на младите кадри со завршен економски факултет. Треба да се преиспита и решението со кое се дава можност на други профили на кадри, имајќи предвид дека самата контрола на трансакциите е од економската сфера, така да се води сметка да не се оди на штета на овој профил кадри од економските науки.

Немам ништо против решението со кое се решава прашањето за работниците од Управата за јавни приходи. напротив, давам поддршка на таквото решение кои што и сега „а некој начин, во помала мерка вршат економско - финансиска трансакција, ревизија но мислам поентата на законот да не биде токму за просто префрлување на тој кадар во ваков вид на ревизија, туку мислам дека со решение треба да се овозможи вработување на помлади генерации.

Една од последните забелешки ми е и побрзата примена по донесувањето на овој закон, иако верувам се чека на правите ревизорски стандарди. Инаку, вака тешко овој закон да најде примена за една година од тоа што го нуди решението. Лично сметам дека донесувањето на овој закон ќе овозможи помали зафаќања на граѓаните и на правните лица кои на некој начин ги полнат буџетските приходи што б требало да биде и наш краен интерес.

VIII/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за државна ревизија.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието како и укажувањата од ова расправа на седницата на Собранието.

3. Заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се доста ви до Владата на РМ и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (2)

Молам службата да го провери бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме **на точка 7** - Предлог за донесување на закон за ревизија.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Газменд Ајдарага Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за ревизија.

Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Газменд Ајдарага.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Газменд Ајдарага да се достави до Владата на РМ и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?
60 пратеници гласаа за?
Дали има некој против? (1)
Дали некој се воздржува? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 8** - Предлог аз донесување на закон за извршување на санкциите.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на граѓаните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува Предлогот аз донесување на закон за донесување на санкциите.

2. Владата ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог закон за извршување на санкциите при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 9** - Предлог за донесување на закон за Град Скопје.

Има збор министерот за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ :**

Го замолувам претседателот да ја симне точката, што значи ја повлекуваме Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје, а

VIII/9.-

Владата ќе достави дополнително нов текст со нов Предлог за една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Педесет и првата седница на Собранието.

Утре е закажана Педесет и втората седница на Собранието во 10,00 часот.

Седницата заврши во 17,20 часот.